Врз основа на член 91, став 3 од Законот за животната средина („Сл. весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16) изготвен е

**ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАНА ЈАВНА РАСПРАВА**

**ЗА**

**СТУДИЈА ЗА ОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ПРОЕКТОТ: „ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ИНТЕГРИРАНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ИСТОЧЕН И СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН“**

Јавната расправа се одржа на ден 12 јуни 2017 (понеделник) во „Бизнис Инкубатор“ на општина Берово со почеток од 12:00 часот. Од Министерството за животна средина и просторно планирање беа присутни г-ѓа Дејана Тодоровска, г-ѓа Ана Каранфилова Мазнева и г-н Владо Атанасовски. Од страна на изготвувачот на студијата за оцена на влијанијата врз животната средина беа присутни г-ѓа Фана Христовска, г-ѓа Анета Китевска и г-ца Кристина Петровска.

Расправата ја водеше г-ѓа Дејана Тодоровска со следниот дневен ред:

- Претставување на причината за одржување на јавната расправа и дотогаш реализирани чекори во ОВЖС постапката;
- Претставување на учесниците;
- Презентација на Студијата за оценка на влијанија врз животната средина
- Дискусија по однос на Студијата за ОВЖС;
- Затварање на јавната расправа.

Откако г-ѓа Дејана Тодоровска ја објасни потребата од одржување на оваа јавна расправа како и потребата од спроведување на ваквата активност и ги претстави сите учесници, збор и даде на г-ца Кристина Петровска експерт за оцена на влијанијата врз животната средина. г-ца Кристина Петровска ја презентираше Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина од спроведување на проектот: Воспоставување на систем за интегрирано управување со отпад во Источен и Североисточен регион.

Презентацијата започна со опис на процедурата за оцена на влијание врз животната средина и содржината на самата студија. Беше објаснет процесот на имплементација односно воспоставување на интегриран систем за управување со отпад во Источен и Североисточен регион. Врз основа на самиот процес се даде преглед на можните алтернативи од аспект на соодветно избрана локација и технологија, влијанијата од емисиите врз животната средина како резултат од изградбата, оперативноста и пост-оперативноста на системот, идентифкуваните мерки за надминување, минимизирање и/или ублажување на влијанијата од спроведувањето на проектот и мониторингот во сите фази.

По завршување на презентацијата, г-ѓа Дејана Тодоровска ја отвори дискусијата за предметната Студија.

**<u>Прашање: Бранко Дудуковски, пензионер од Општина Берово: Каде точно ќе се наоѓа ЛПУО во Берово?</u>**

**<u>Одговор:</u> Ванчо Димовски (општина Берово):** ЛПУО ќе се наоѓа наспроти влезот на сегашната свињарска фарма.

**<u>Коментар:</u> Бранко Дудуковски, пензионер од Општина Берово:** На комуналното претпријатие во Берово да му се помогне со опрема, затоа што се наоѓа во многу лоша состојба. Нема луѓе за работа, нема механизација. Отпадот на депонијата се пали постојано, мириса целата Малешевија.

**<u>Одговор:</u> г-ѓа Ана Каранфилова Мазневска (МЖСПП):** Подготвена е тендерска документација со цел набавка на контејнери и опрема/механизација која ќе им биде доделена на комуналните претпријатија за да може да ја вршат својата работа. Исто така паралелно ќе се спроведува проект за затварање на дивите депонии и ѓубришта. Депониите ќе се затвараат една по една, и ќе се остави само една ќелија за собирање на отпадот се до целосната изградба на ЦПУО, а потоа и таа ќе биде затворена. Затварањето на депониите ќе се врши до 2018 година.

**<u>Коментар:</u> Г-н Владо Атанасовски (МЖСПП):** Состојбата со депонијата во општина Македонска Каменица исто така е лоша, но добро е што со овие средства што ги обезбедува ЕУ нешто ќе се направи со дивите депонии и отпадот.

**<u>Прашање Г-н Ѓорѓи Пеовски (општина Берово): Ја поздравува идејата дека нешто ќе се прави со отпадот, но прашувадали се предвидуваат кампањи за подигнување на јавната свест за селектирање на отпадот, какви ќе бидат контејнерите и какви ќе бидат обврските за граѓаните?</u>**

**<u>Одговор:</u> г-ѓа Ана Каранфилова Мазневска (МЖСПП):** Обврска на општината е да обезбеди контејнери за селектирање на отпадот. Контејнерите ќе бидат во две бои, поголеми и помали во зависност од потребите. Цената за услугата која ќе ја плаќаат граѓаните првовремено ќе се зголеми но потоа истата ќе се намалува затоа што системот ќе создаде финансии преку продавањето на отпадот. Имено, финансии се неопходни за одржување на возилата кои општината ќе ги добие. ЈКП ќе го собираат отпадот од кантите и ќе го носат на претоварните станици а потоа и до ЦПУО каде што ќе треба да платат одредена депониска такса. Со друг проект превидени се кампањи за подигнување на јавната свест, обуки за ЈКП, министерството и граѓаните кои паралелно ќе се одвиваат додека се гради овој систем за регионално управување со отпадот, со цел стекнување на навики за правилно селектирање на отпадот.

**<u>Коментар:</u> Бранко Дудуковски, пензионер од Општина Берово:** Студијата е одлично подготвена, само потребна е нејзина реализација, а како ќе биде во иднина најмногу зависи од сите нас.

По завршената дискусија, г-ѓа Дејана Тодоровска им се заблагодари на сите присутни и ја затвори јавната расправа во 13:30.

This project is funded by the European Union

Preparation of project studies (FSs, EIAs, CBAs), design and tender documentation for establishing an integrated and financially self sustainable waste management system in the east and northeast regions

EU for YOU!

**Листа на учесници**

Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот: Подготовка на проектни студии (ФС, ОВЖС, КБА), дизајн и тендерска документација за воспоставување на интегриран и финансиски само-одржлив систем за управување со отпад во Источен и Североисточен Регион, EuropeAid/136070/IH/SER/MK, 12 јуни 2017 година (понеделник), Бизнис Инкубатор, Општина Берово

| Name and surname<br>Име и презиме | Institution<br>Институтиција | Telephone<br>Телефон | E-mail<br>Е-маил | Signature<br>Потпис |
|---|---|---|---|---|
| Зоран Хаџиски | ЈПКР „Услуга" | 075-309-347 | berovo.usluga@gmail.com | [signature] |
| Славчо Муртовски | Општина Берово | 071-215-597 | — | [signature] |
| Биљана Калајџиска | Општина Берово | 071/580-899 | postolovob@yahoo.com | [signature] |
| Васко Буровски | Општина Берово | 078/342-124 | burovski.vasko@gmail.com | [signature] |
| Влатко Атанасовски | МЖСПП | 075 240 973 | v.atanasovski@moepp.gov | [signature] |
| Наташа Јованоска | | 070 220 771 | jovanovska.natasa@gmail.com | [signature] |
| Митко Ицковски | Општина Берово | 072 321 868 | | [signature] |
| Светлана Божинова | Општина Берово | 078 983 312 | | [signature] |
| Бранко Дудников | Пензионер (Берово) | 078 227 239 | | [signature] |
| Зоран Нешкевски | Општина Берово | 071-626-649 | neskovski@yahoo.com | [signature] |
| Ванчо Димовски | Општина Берово | 071-327 065 | dvancho@gmail.com | [signature] |

This project is funded by the European Union

Preparation of project studies (FSs, EIAs, CBAs), design and tender documentation for establishing an integrated and financially self-sustainable waste management system in the east and northeast regions

EU for YOU!

**Листа на учесници**

Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот: Подготовка на проектни студии (ФС, ОВЖС, КБА), дизајн и тендерска документација за воспоставување на интегриран и финансиски само-одржлив систем за управување со отпад во Источен и Североисточен Регион, EuropeAid/136070/IH/SER/MK, 12 јуни 2017 година (понеделник), Бизнис Инкубатор, Општина Берово

| Name and surname<br>Име и презиме | Institution<br>Институтиција | Telephone<br>Телефон | E-mail<br>Е-маил | Signature<br>Потпис |
|---|---|---|---|---|
| Љупчо Дракалски | ЈПКР „Услуга" Берово | 075-309-257 | berovo.usluga@gmail.com | [signature] |
| Александар Вужински | Општина Берово | 070/309-972 | aleksvuzinski@gmail.com | [signature] |
| Анета Китевска | Лок. консултант Ептиса | 078/344 904 | akitevska@yahoo.com | [signature] |
| Ана Каранфиловска | М. МЖСПП | 075354184 | A.karanfilovska@moepp.gov.mk | |
| Дејана Тодоровска | МЖСПП | 075 485-428 | d.todorovska@moepp.gov.mk | [signature] |
| Горги Пеовски | ЕЛС Општина Берово | 071/302-604 | gorgipeovski@gmail.com | [signature] |
| Кристина Петровска | Лок. консултант Ептиса | 078/413-350 | kristinapetrovska12@gmail.com | [signature] |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |